УДК. 949.717.06:32.019.5(45)

Кочо СИДОВСКИ

# ИТАЛИЈАНСКИТЕ ПОЛИТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ КРУГОВИ ЗА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО 1903 ГОДИНА

Македонското революционерно националноослободително движење во почетокот на XX век достигнало врвна точка во својот развиток. Повеќегодишната активност на Внатрешната организација за зацврстување на организационите редови и за револуционизирање на македонските поробени маси дала плод. Насекаде во Македонија била разгранета револуционерната дејност. Револуционерната организација проникнала во целокупниот живот на македонскиот народ. Настојувањето подобро да се изгради Организацијата, да се воспитуваат нејзините членови за смело и самопрегорно жртвување во револуцијата претставува посебна карактеристика на движењето.

Остварувањето на македонската револуција се замислувало низ ред етапни револуционерни акции, а како нивна врвна кулминација требало да дојде вооруженото општонародно востание. Тоа и се случило на 2 август 1903 година на историскиот Илинден кога македонскиот народ се кренал на оружје и пред целиот свет го огласил праведното барање за своето национално и политичко ослободување, кое се базирало на неговите легитимни историски суверени права за слободно постоење и независност.

Италијанскиот конзул во Битола Г. де Визарт, по избувнувањето на Востанието будно го следел влошувањето на состојбата во градот и неговата околина. Така, во својот извештај од Битола од 4 август 1903 година упатен до министерот за надворешни работи на Италија, тој вели дека политичката состојба се влошувала, телеграфските врски меѓу градот и сите кази биле прекинати од страна на востаниците. Истовремено продолжувало излегувањето на населението од Битола и од селата, со што се наголемувале востаничките чети, кај кои растела бестрашноста. Македонските комитети кои дотогаш имале повеќе пасивно движење сè повеќе се собирале стремејќи се да преземат офанзива.[1]

---

[1] Archivio Storico del Ministero degli Affari esteri — Roma, Архив на Македонија – Скопје, во натамошниот текст АМС, Monastir, 4 agosto 1903, M-LX /713.

Вестите за заземањето на Крушево од страна на востаниците а и другите нивни акции во разни места предизвикале, според зборовите на италијанскиот конзул, силна паника во Битола. Улиците биле полни со војска, бидејќи постоел страв од репресалии на турските фанатизирани маси. Македонските комитети се надевале дека заострувањето на состојбата ќе предизвика интервенција на европските сили во македонските работи. Несигурната ситуација предизвикала испразнување на складиштата со жито и огревен материјал.[2]

Меѓутоа и покрај засиленото револуционерно движење италијанските дипломатски претставници како во Македонија така и во целата Отоманска Империја не ја увидувале суштината на постоењето на македонското револуционерно движење и неговите главни подвижници т.е. поробените македонски народни маси. Тоа може да се види и од првичното реагирање на италијанскиот амбасадор во Цариград Маласпина во неговиот извештај од 8 август 1903 година упатен до министерот за надворешни работи. Во него тој сугерира како да се спречи влошувањето на состојбата велејќи, меѓу другото: „И, на крајот, исто така мое мислење, и споделувано од поголем дел од моите колеги, дека ако се сака да се постигне за пократко време да се врати спокојството во Македонија, ќе треба силите да направат сериозни и енергични притисоци врз бугарската влада да попречи да се формираат и да се снабдуваат во Кнежевството четите кои се префрлуваат без престан на отоманската територија".[3]

Во истиот извештај маркизот Маласпина зборува „за жестокостите" извршени од четите, за жените и за децата не само Турци но исто така „Грци" убиени од „Бугарите", за разрушените села, јавувајќи известувања примени од Високата Порта. Меѓутоа, критикувајќи го овој документ, познатиот италијански публицист Анџело Перниче вели: „Маласпина не зборува за жестокото и бруталното задушување извршено од редовните редифи, од Албанците, од башибозукот. Меѓутоа нам ни зборуваат други очевидци[4] и нам ни зборуваат бедните жители кога, дојдени за да бидат испитани од воените помошници на некои сили, целото население, жени, деца ги обиколуваат патниците викајќи, молејќи за милост да ги заштитат, да ги одведат не е важно каде, на крајот од светот, за да ги избават од бавното измачување."[5]

Деманти на тврдењата на Маласпина наоѓаме и кај еден од најдобрите познавачи на Балканот и посебно на Македонија Вико Мантегаца.[6].

---

[2] Ibidem.

[3] Documenti diplomatici presentati al Parlamento Italiano dal Ministro degli Affari Esteri. Macedonia. Roma 1906, 77-78. Costantinopoli 8. VIII. 1903.

[4] Буске, кој ја посетил Македонија во квечерието на востанието; види ја неговата книга – Bousquet G., Histoire du peuple Bulgare, depuis les origines jusqu'a nos jours. Paris 1909, 349.

[5] Angelo Pernice, Origine ed evoluzione storica delle Nazioni Balcaniche, Milano 1915, 339.

[6] Вико Мантегаца (1856-1933), граѓанин на Милано, директор или соработник на разни важни италијански весници меѓу кои „Nazione" и „Resto del Carlino" исто така патувачки уредник на „Corriere della Sera". Мантегаца бил специјалист за балканските работи околу првата деценија на овој век и привилегиран извор за многу генерации.

Тој меѓу другото пишува: „малубројните личности, кои ги посетија овие места во квечерието на востанието од 1903, малубројните личности кои можеа малку да навлезат во внатрешноста каде што не постојат повеќе врски, ниту патишта, каде за да се оди од еден крај во друг треба да се качува по врвиците како кози, можеле да видат овде онде урнатини и остатоци од цели села разурнати од отоманските солдатески за да се одмаздат за еден пораз претрпен во судирот со некоја бугарска чета* од која биле нападнати."[7]

Во секој случај, ако денес внимателно се проанализира погореспоменатиот извештај на Маласпина од 8 август 1903 година, изработен – како самиот тој наведува – врз основа на разговорот со своите дипломатски колеги, како и врз основа на информациите што ги имал добиено од највисоките претставници на турските власти, може да се заклучи дека италијанскиот амбасадор, токму поради изворите од каде што ги добивал информациите[8] не можел да си создаде вистинска слика за настаните и за нивната суштина, што во Македонија се одиграле во текот на Илинденското востание во 1903 година. Тој, секако, од своето службено место и функција ги следел настаните во Македонија и ја сфаќал сериозноста на ситуацијата. Меѓутоа, тој не сфатил дека „безредијата" во Македонија не се само безредија или стихиски бунт, туку добро организирано општонародно востание во кое учествувале повеќе десетини илјади вооружени и невооружени Македонци и припадници и на други народности што живееле во Македонија, и дека тој револуционерен напор бил врвен дострел во дотогашната борба на македонскиот народ за ослободување од вековното ропство на Отоманската Империја. Исто така италијанскиот амбасадор во Цариград не разбрал дека вооружените чети се воената сила на Македонската револуционерна организација, што со години пред Илинденското востание, водела битки ширум Македонија против отоманските насилници и бесправијата на феудалниот режим, што го угнетувал македонскиот народ. Имајќи го предвид ова сосема е неодржливо неговото гледиште дека за настаните во Македонија во 1903 година била исклучиво виновна Бугарија, за што се препорачувало големите сили да извршат притисок врз неа да не формира и да не испраќа чети во

---

Вико Мантегаца бил повеќе пати на Балканот; два пати во Македонија, почесто во Црна Гора, каде повеќе го воделе финансиските интереси отколку професионалните.

Вико Мантегаца своите репортажи од патувањата ги објавува во в. „Corriera della Sera" и списанието „L'Illustrazione Italiana", објавени во два тома во 1903 и во 1908 год. кога фактички ја посетил Македонија. (Vico Mantegazza, Macedonia (marzo-aprile 1903) — Milano 1903, 340; La Turchia Liberale e le questioni balcaniche; Milano, 1908). Тој во врска со политиката на Италија кон балканските земји а и репортажи од неговите посети издал и повеќе други трудови. (Вико Мантегаца, Два Мѣсеца въ България, Октомври и Ноември 1886. Бѣлѣжки на единъ очевидецъ. – Пловдивъ 1899, 138; Vico Mantegazza, L'Altra sponda. Italia ed Austria nell Adriatico. Milano s.a. (1905); Questioni di politica estera. Milano 1907; La Grande Bulgaria. Roma 1913.

* Се мисли македонска чета.

[7] Vico Mantegazza, Macedonia, op. cit., 251.

[8] За ова спореди: Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903. Скопје, 1978, 248 и след.

Македонија.[9] Впрочем прашањето за односот на Бугарија кон Македонија и кон Илинденското востание од 1903 година се познати и во македонската историографија веќе и објективно се осветлени. Се разбира, дека на Отоманската Империја и на други надворешни сили им конвенирало да протураат вести дека вооружените чети биле престапници и безредници што убивале невини Турци и Грци и дури жени и деца, што никако не може да ја одразува вистината. Целите на македонските востаници од 1903 година и воопшто, се познати како што е познато и тоа дека тие се бореле против системот на насилието и против неговите претставници во Отоманската држава и за здобивање на национална слобода.

Од споменатиот извештај на Маласпина, можат да се потврдат извесни гледишта што во тоа време биле застапувани и во кои во некои кругови на европската дипломатија се верувало. Така на пример, се верувало дека ситуацијата во Македонија и во Отоманската Империја била резултат исклучиво на антагонизмот помеѓу христијаните и муслиманите и дека коренот на востанието требало да се бара исклучиво во Бугарија. Разбирливо е, дека сето ова било резултат на непознавањето или на несакањето да се запознае вистинската состојба и борбата на македонскиот народ за ослободување од отоманската власт. И покрај сè, извештајот на Маласпина, сепак ни дава извесни податоци, како на пример, приличен број локалитети каде востаничките дејствија дошле до најголем разгор, а е посочен, релативно точно и бројот на вооружените востаници. Од посебно значење е што Маласпина ни укажува на мошне ригорозните воени и полициски мерки што отоманските власти ги презеле за да го задушат востанието, што пак е своевидна потврда за силината, за разгорот и за размерот на востаничките дејствија во Македонија. На крајот, треба да се каже и тоа дека станува збор за извештај кој е сочинет од податоци што во дадениот момент на амбасадорот му ги дале отоманските власти, и тоа, такви какви на нив им се чинеле опортуни. Се разбира дека Маласпина никаде не излегол од рамките што би можеле да го загрозат неговиот дипломатски статус што го уживал во одредена средина.[10]

Извештаите на италијанските дипломатски пратеници кои со драматичен тон известувале за ситуацијата во Македонија ја натерале италијанската влада повеќе да се заинтересира за влошената положба. Така в. „Рефор-

[9] Треба да се каже дека италијанските дипломати уште пред Илинденското востание причините за „безредијата" во Македонија ги барале во политиката на соседните држави, Србија, Грција и најповеќе Бугарија. За ова придонел, можеби, фактот што тие биле информирани за пропагандите на споменатите држави во Македонија, а веројатно и за обидот во 1897 година Србија и Бугарија да си ја поделат Македонија на интересни сфери. Фактот на револуционерната борба на македонскиот народ, предводен од (Внатрешната) револуционерна организација, италијанската дипломатија или не го знаела, што не е за верување, или не го земале како сериозен чинител. Меѓутоа со текот на времето италијанските дипломати ќе ги корегираат ваквите свои гледишта.

[10] За ова посебно види: Момчило Д. Савиќ, Македонија во очите на италијанската дипломатија во почетокот на XX век. Прилози за Илинден 1979, III Скопје, 1983, 451-452.

ми" од Софија од 10 август 1903 година го пренесува пишувањето на „Information" бр. 182 од Рим во кое се вели: „Независно од австро-руската акција, италијанската влада направи одново овие денови дипломатски постапки во Цариград, по однос смирувањето во Македонија. Италијанскиот пратеник ѝ предал на Портата нота што е приготвена врз основа на извештаите на италијанските конзули. Во таа нота се укажува дека не е можно да се смири Македонија наполно, додека на населението не му се дадат извесни реформи ветени од Султанот. Италијанската влада се погрижи да докаже дека со давање автономија на Македонците, Турција нема да загуби ништо. Напротив таа ќе спечали многу... Притоа министер претседателот продолжи дека Портата може, при разрешување прашањето за автономија на Македонија, да побара од силите здрави гаранции за запазување суверенитетот на Султанот и во тој однос Султанот ќе може да смета на полна поткрепа од страна на Италија."[11]

Италијанската влада покрај на дипломатски план, по заостренатa ситуација во Македонија одговорила и со воени мерки. Така в. „Дом" од Загреб за м. август 1903 година пишува, според изјавите на очевидци дека: „Кога во Солун дојдовме немаше никого освен турски бродови, а веднаш утредента дојдоа два италијански воени брода, а на петти (август) пак други три, а велат дека ќе дојдат уште бродови. Во пристаништето Солун најдовме еден француски изгорен брод кого, некои велат, Турците го запалиле..."[12]

По избувнувањето на Илинденското востание, покрај кај италијанската влада, се засилил и интересот и кај прогресивното италијанско општествено мислење за состојбата во Македонија. Тоа интересирање претставува само логично надоврзување на она што се одвивало во Италија и пред востанието. На вестите за сѐ позаостренатa и несносна положба во Отоманската Империја, во Италија сѐ повеќе се ширело движењето во полза на угнетените народи во Империјата – движење кое било диктирано од хуманоста и сознавањето на општочовечката солидарност. Насекаде се организирале комитети „Pro Armenia e Macedonia" („За Ерменија и Македонија") што се стремеле – преку митинзи и агитација во печатот да го натераат италијанскиот парламент и владата да дејствуваат за поенергични постапки од страна на Европа во полза на христијанското население во Отоманската Империја.

За одгласот на Илинденското востание од 1903 година во Италија наоѓаме прилози во италијанскиот печат кој и за предилинденските настани пишувал доста опширно. Посебно се истакнувале со своите дописи италијанските весници „Avanti",[13] „Giornale d'Italia"[14], „Corriera della Sera"[15] и

---

[11] В. „Нова Македонија", 17. VII 1978, 2; Андоновски Г. Христо, Ковач Бранко, Мокров Боро, Михаилов Панче и Поповски Ј. Јован, Странскиот печат за Илинденското востание. Скопје 1953 67.

[12] В. „Нова Македонија", 16. VII 1978, 13.

[13] Централен орган на италијанските социјалисти.

[14] Весник на приврзаниците на десните либерали.

[15] Најраспространет и највлијателен буржоаски весник во Италија.

др. Покрај овие, интересни податоци за организационата структура на Револуционерната организација во Македонија срeќаваме и во некои списанија, како на пример, „L' Illustrazione Italiana", што секако покажува со каква заинтересираност се следат настаните во Македонија.

Избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година имало силен одглас и кај италијанското општествено мислење кое ги изразувало своите симпатии спрема македонското ослободително дело и барало енергична интервенција за подобрување на положбата во Македонија. Меѓу првите реагирале старите гарибалдинци во Венеција кои како што пишувал весникот „Реформи" од 16 август 1903 година, тие денови имале собрание во врска со настаните во Македонија и на него ја прифатиле следнава резолуција: „Восхитени од јунаштвото на македонските браќа, кои силно се борат против тиранијата на една влада која е негација на справедливоста и цивилизацијата, – старите венецијански гарибалдинци, од името на сите италијански гарибалдинци, им испраќаат свој братски поздрав на македонските борци изразувајќи желба, цивилизирана Европа да го отфрли егоизмот што ја срамоти, и да се замеша во нерамната јуначка борба и да установи во Македонија влада што ќе даде гаранција за мир, правда и прогрес." Во продолжение се вели дека некои од италијанските гарибалдинци се подготвувале да се борат за слободата на Македонија.[16]

По избувнувањето на Илинденското востание и непосредно по неговото задушување, уште повеќе се засилила активноста на веќе порано споменатите комитети „За Ерменија и Македонија", кои преку агитации дејствувале да го популаризираат македонското дело и преку помошни акции да соберат што повеќе прилози во полза на пострadaните во Македонија за време на востанието. Ширум цела Италија се проширило промакедонското движење. Комитетите за „Ерменија и Македонија" ја зголемиле својата дејност. Непосредно по востанието овој комитет испратил низ цела Италија проглас во кој се вели:

„Во Македонија се води надчовечна борба. На двете страни убиствата продолжуваат. Турците грмат со топови, Македонците одговараат со динамит. Долго христијаните во Македонија ќе бидат изложени на огинот и гневот на Турците, долго ќе ги ужасува оживеаниот турски фанатизам и Ерменците кои имаат иста судбина. Во името на поробеното човештво во Милано се формира прв италијански комитет за Ерменија и Македонија кој брои 4000 граѓани од сите политички партии. Комитетот ги изразува следниве желби: цивилизирана Европа нека бара турската влада да ги почитува човечките закони и меѓународните спогодби; автономната управа нека ги смири незадоволните елементи од разните народности и нека се запрат верските и племенските омрази, политиката на италијанската влада со успех нека се замеша во европскиот концерт".[17]

---

[16] Андоновски Г. Христо, Ковач Бранко, Мокров Боро, Михаилов Панче и Поповски Ј. Јован, op. cit., 72.

[17] Словенски народ, 18. IX 1903, 1-2. Цитирано според: Христо Андонов-Полјански, Одгласот на Илинденското востание во Америка и Европа, Сп. Историја; IV/1 (1968), 38.

Во споменатиот манифест се обвинуваат големите европски држави, на кои им припаѓала улогата на арбитер, на кои меѓународните договори им ја давaат заштитата на христијанското население, и кои се обврзале, да бдеат над одржувањето на обврските потврдени со Берлинскиот договор, за неизвршување на својата задача.

На крајот во манифестот се инсистира, без нарушување на општиот ред на Отоманскиот исток, за да не се раздразнува зависта и амбициите на големите сили, на потребата да ѝ се осигураат на Македонија благодетите на редот и на мирот.[18]

Прогласот направен од страна на Миланскиот комитет бил објавен во сите италијански весници и бил дочекан со симпатии од италијанската јавност. Се изразувала согласноста со поставените барања за решение на кризата во Македонија во сите италијански средини. Покрај тоа, и други организации преземале самостојни акции во полза на македонскиот народ. Тоа биле гарибалдинците, на чело со потомокот на Ѓузепе Гарибалди – Ричоти Гарибалди, кои подготвувале одред на доброволци за да притекнат во помош на македонските востаници.[19]

Промакедонските одгласи во Италија продолжиле и понатаму во 1904 и 1905 година. Митинзите и собранијата биле одржувани и во овој период. Така, на 12 јуни 1904 година во Палермо бил одржан митинг за Македонците, на кој присуствувале највидните политичари скоро од цела Сицилија. Говорниците во своите истапи ја истакнувале мошне лошата положба на македонското население. Била донесена резолуција со која се повикувале Силите да ја исполнат својата должност.[20]

Треба да се спомене дека италијански претставници го изнесувале својот став спрема настаните во Македонија и на митинзи организирани и во други земји. Најголем број делегати од Италија, истапувале на митинзите одржувани во Франција. Таков, на пример бил меѓународниот македонски митинг одржан на 25 октомври 1903 година во познатиот париски театар „Сара Бернар". На овој митинг присуствувале видни претставници на политичкиот и културниот живот не само од Франција, туку и од Велика Британија, Италија и САД. Италијанските делегати Пиетро Мацини и Бочарди (делегиран од Римскиот комитет) во своите излагања зборувале за активноста на промакедонските комитети во Италија. Потоа во своите говори на митингот, тие ја нагласувале сериозноста на настаните во Македонија, и потребата од поефикасна контрола и поенергични мерки за реформирање на Македонија. За овие реформи тие изразувале и критички становишта.[21]

---

[18] AMC, Milano, Settembre 1903, M-LX/712, сн. 94.
[19] Христо Андонов-Полјански, op. cit., В. „Нова Македонија", 18. VII. 1978, 10.
[20] Ibidem.
[21] Manifestations franco-anglo-italienes, pour l'Armenie et la Macédoine. Preface de Victor Berard. Introduction de Pierre Quillard, Raport de Francis de Pressense. Paris 1904, 282-285.

По востанието, во Италија започнала да се собира помош во полза на настраданото македонско население од Востанието. Повеќето весници отвориле потписка за помош. Папата одделил од своите средства помош за настраданите. Собраните средства биле испратени во Македонија и во Бугарија за помагање на македонските бегалци.[22]

По востанието, во Италија биле објавени повеќе студии и патописи за Македонија. Автори биле италијанските новинари и публицисти, кои пред, за време и по востанието ја посетиле Македонија. Во овие трудови тие ја опишувале положбата во Македонија и инсистирале за изнајдување поволно решение за македонското прашање. Особено во тоа се истакнал погореспоменатиот Вико Мантегаца со својата спомената студија „Macedonia (marzo-aprile 1903)" издадена во Милано 1903 година.[23] Тој бил автор и на низа дописки објавени во списанието „L'Illustrazione Italiana" во врска со положбата во Македонија во времето на Илинденското востание и по неговото задушување. Поради својата дејност, тој дури во печатот бил наречен „Македонец".

Вико Мантегаца посебно се осврнува на положбата во Македонија во својата дописка под наслов „Големото востание во Македонија" објавена во споменатото списание од 6 септември 1903 година. Тој го истакнувал фактот дека борбите на револуционерните чети најповеќе се разгорувале во Битолскиот вилает со оглед на постојните најповолни услови. „Христијанското население од овој вилает е повеќе отколку на друго место привикнато на борба, поподготвено, поради што четите сега примаат продолжителни засилувања од илјадници храбри луѓе кои се решени на сè[24.] Како пример на ваква решеност на населението се споменуваат околините на Прилеп, Ресен и Охрид.

Вико Мантегаца посебно се осврнува на положбата во Битола по избувнувањето на Илинденското востание. Во врска со ова, тој меѓу другото вели: „По објавувањето на востанието точно изминатите денови во Битола, градот е нурнат во ужас. Сите дуќани се затворени, никој повеќе не излегува од дома сам: но секој внатрешно ја има забарикадирано вратата и подготвено одбрана. Но приближно, ситуацијата секогаш е таква. Исто така градот веќе јасно е поделен на разни квартали (градски четврти) населени од различно население, и повеќе пати се случило во бугарската четврт* населението да трпи полуопсада и да води вистински битки против Турците. Но кога источното прашање не е на тапет, кој одовде го знае она што ќе се случи во овие краишта? Еден или два месеци потоа, ќе се појави во некој весник конфузна вест која потполно не интересира никого. И ако, случајно, некој угледен весник го подигне гласот официјалното деманти на Цариград, на кого никој нема средство да одговори, ќе стави крај на секоја работа. Ако валијата редовно им ја испраќа на министрите или на личностите од

---

[22] Христо Андонов-Полјански, op. cit., 59.

[23] Vico Mantegazza, Macedonia (marzo-aprile 1903). Milano, 1903, 340.

[24] V. Mantegazza, La Grande insurrezione in Macedonia. L'Illustrazione italiana (Milano), 6. IX 1903, 200.

* Се однесува на македонски кварт.

антуражот на Султанот, здоговорената сума за неговото наименување, сигурно е дека нема да биде вознемируван."[25]

Интересно е да се спомене дека погореспоменатото списание објавувало интересни фотографии, испраќани од местата на востанието од својот прилежен дописник Д. Попов.

Покрај Вико Мантегаца со своите прилози се истакнал и Л. Вилари. Интересни податоци за состојбата во Македонија по Илинденското востание дал и Франческо Гвичардини во своите патописи.[26]

Франческо Гвичардини[27] во почетокот на август 1903 ја пропатувал Македонија по Вардар сè до Солун, а најмногу се задржал во околината на Скопје. Престојувајќи во Македонија во почетната фаза на востанието, тој зборува за избувнувањето на Востанието, нападите на линиите за врски, за воспоставувањето на привремената револуционерна влада во Крушево; убиството на рускиот конзул Ростковски во Битола; повикувањето на отомански трупи од Мала Азија, опсадата на Крушево, колежите во Битолскиот вилает, паѓањето и ограбувањето на Крушево; атентатите врз железничката линија Скопје – Солун.

Во текот на својот пат Гвичардини присобирал информации и коментари од многу широк спектар на соговорници кои се разликувале помеѓу себе, по националност, вероисповест, односот со структурите на отоманската власт, политичкото убедување итн.

Во организирањето на промакедонската активност во Италија учествувал и италијанскиот публицист Одино Моргари. Тој бил еден од иницијаторите за собирот Pro Macedonia (За Македонија) одржан на 20 септември во Воспитувачкиот кружок Борго Виториа ала Мадона ди Кампања (Торино). Во оваа прилика, кога по повод на апсењето на претседателот на собранието, Барберис, поради тоа што се произнесол против рускиот цар, во врска со неговата намеравана посета на Италија, Моргари истапил со остра критика на отоманските злосторства во Македонија. Тој по извршеното патување го рекол следново: „Време е да се заврши со овој турски никаквец. Протест треба да замине исто така од италијанскиот народ против муслиманското варварство."[28]

Уште еднаш една година потоа, на 26 јули 1904 година Одино Моргари зел збор на еден собир за Ерменија и Македонија одржан во салонот на Општото здружение на работниците од Торино, нафрлувајќи се против европската дипломатија „измамена поради своите напразни и заемни зависти од препредениот фатализам на Турчинот и која дури заборава да бдее над прилагањето на Берлинскиот договор."[29]

---

[25] Ibidem.

[26] Francesco Guicciardini, Impressioni di Macedonia, Nuova antologia di lettere, scienze ed arti. Quarta serie (marzo-aprile), Roma 1904, 25-29; 224-244.

[27] Грофот Франческо Гвичардини (1851-1915) бил позната политичка личност во Италија. Во повеќе наврати бил пратеник во италијанскиот парламент а често и министер во разни ресори на владата.

[28] Francesco Guida, L'Insurrazione Macedone del 2 agosto 1903 nella stampa italiana dell'epoca, Зборник „Илинденско-Преображенското въстание от 1903 година." София 1983, 133.

[29] Ibidem, 134.

На таков начин овие, а и други помалку познати италијански општествени дејци, ја изнесувале вистината за Востанието во Македонија.

*
* *

Од изнесеното може да се изведе заклучок дека Илинденското востание имало силен одглас кај италијанското општествено мислење кое ги изразувало своите симпатии спрема македонското ослободително дело и барало енергична интервенција за подобрување на положбата во Македонија. Свои акции во таа насока преземале бившите гарибалдинци, потоа и порано формираните комитети „За Ерменија и Македонија". Покрај политичките акции, по востанието, во Италија започнала да се собира помош во полза на настраданото македонско население од Востанието. Драгоцен придонес во запознавањето на италијанската јавност со состојбата во Македонија давале и познатите италијански публицисти преку своите репортажи, студии и др. посветени на оваа проблематика.

Kočo SIDOVSKI

## LES MILIEUX POLITIQUES ET SOCIAUX ITALIENS ET L'INSURRECTION D'ILINDEN EN 1903

(Résumé)

L'Insurrection d'Ilinden éclata comme conséquence de la situation aggravée du peuple macédonien à la fin du XIX$^{e}$ siècle et au commencement du XX$^{e}$, sous le joug ottoman. En même temps, le mouvement macédonien de libération nationale et révolutionnaire eut son apogée au commencement du XX$^{e}$ siècle. Le 2 août 1903, le peuple macédonien prit les armes et annonca devant le monde entier ses réclamations justes relatives à sa liberation nationale et politique, en base de ses droits légitimes, historiques et souverains à l'existence libre et à l'indépendance. Dans leurs rapports, adressés à leurs supérieurs, les représentants diplomatiques italiens informaient des activités insurrectionnelles en Macédoine. L'insurrection a eu l'écho important aussi dans l'opinion publique italienne qui exprimait ses sympathies envers l'activité macédonienne de libération et réclamait l'intervention énergique pour améliorer la situation en Macédoine. A côté des activités politiques après l'insurrection, en Italie, on commenca à collectionner le secours pour la population, victime de l'Insurrection.